ПРОГРАМА

за изведување на стручно истражувачка екскурзија со ученици од II (втора) година во ССОУ „Димитрија Чуповски "– Велес во учебната 2025/2026 година

Цели на екскурзијата се:

- Истражување на учениците од областа на уметноста, урбаната и меѓуетничката култура, иновации и претприемништво и поврзување со знаењата (историја, македонски јазик и литература)
- Запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други држави;
- Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природни убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и поширокатa заедница;
- Примена на стекнатите теоретски и практични знаења по стручните предмети за сите квалификации кои ќе бидат вклучени во изведување на ескурзијата.
- Интегрирарање на целите од повеќе наставни програми што се во интерес на струките и содржините програмирани од училиштето.
- Посета на институции и компании соодветни на квалификациите застапени во училиштето

Задачи:

- развивање на позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општообразовните вредности на Република Македонија;
- запознавање на различните култури и знаменитости во земјата;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- развивање на чуството за патриотизам, толеранција и соживот;
- формирање на позитивен однос кон националните културни и естетски вредности;
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;
- развивање и поттикнување колективна свест и заштита (спрема материјалната, општествената и животната средина).
- поврзување на стекнатите знаења од теорија и пракса со секојдневните активности

Содржини и активности:

1 ден: Тргнување во утринските часови од пред училишната зграда. Патување за Скопје, панорамско разгледување на градот. Продолжување на патот за Тетово и посета на Фабриката за пакување Ди Љуље. Посета на Шарената џамија и манастирот Свети Атанасија во Лешок. Продолжување на патот и посета на манастирот Јован Бигорски и попатна посета на кањонот на реката Радика и хидроцентралите Шпиље и Глобочица панорамско. Посета на. Вевчани со организиран ручек. Пристигнување во попладневните часови во Охрид. Сместување во хотел, вечера и посета на дискотека.

2 ден: Појадок. После појадокот разгледување на Охрид – Самуиловата тврдина, Плаошник, Свети Климентовиот универзитет, Свети Јован Канео, Света Богородица. Посета на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо". Посета на Националниот парк Галичица, Заливот на коските, посета на Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања. Поаѓање за Битола, панорамско разгледување на Битола и Широк сокак. Во вечерните часови поаѓање за Велес.

Раководител на екскурзија наставници и ученици

За раководител на екскурзијата е именувана Мимоза Јовиќ професор по биологија и раководител на паралелка II[1].

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат вклучени во изведување на екскурзијата:

Наставници:

Мимоза Јовиќ

Билјана Василева Бојчев

Љубе Јовановски

Емилија Дикова

Верица Јанева Николова

Сандра Стојчиќ

Ученици – Учениците од II година од ССОУ„Димитрија Чуповски" – Велес

Времетраење

Оваа екскурзија е со време траење од 2 (два) дена, од кои 1 (еден) работен со 1 (едно) ноќевање, а се планира да биде реализирана во месец мај 2026 година.

Локации за посета и правци на патување:

Велес-Скопје-Тетово-Охрид-Битола –Велес

Локации за посета: Посета на фабриката за пакување Ди Љуље, посета на Шарена Џамија и манастирот Свети Атанасиј во Лешок, посета на манастирот Јован Бигорски и кањонот на реката Радика, попатна посета на хидроцентралата Шпиље и Глобочица и посета на Вевчани, разгледување на градот Охрид – Самуиловата тврдина, Плаошник, Свети Климентовиот универзитет, Свети Јован Канео, Света Богородица, Посета на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија "Св. Еразмо", Национален парк ,,Галичица" , Заливот на коските, посета на Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања, како и панорамско разгледување на Битола и Широк сокак.

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта ,училишната комисија формирана од Училишниот одбор, ќе ги преземе сите постапки за реализација на истата. (Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.)

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Родителот/старателот ги надоместува сите финансиски трошоци за екскурзијата.

Тим за изработка на програмата

Мимоза Јовиќ
Билјана Василева Бојчев
Љубе Јовановски
Емилија Дикова
Верица Јанева Николова
Сандра Стојчиќ
Горан Јанков
Весна Славеска
Жарко Мирчевски
Елеонора Мицева